РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1280/4
26-07-2024.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1280/1 од 29.03.2024 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ------ Градоначалник на Општина ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1280/1 од 29.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 29.03.2024 година, поднесена е пријава за службеното лице ------ Градоначалник на Општина ------ (во натамошниот текст Градоначалник) и оформен е предмет број 12-1280/1 од 29.03.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на службената положба од страна на Градоначалникот со вработување на кадри без соодветно образование во детската градинка ------ во ------.
Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Министерството за труд и социјална политика на Република Северна

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Македонија, Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Инспектори од Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата на ден ------ година извршиле вонреден инспекциски надзор во Јавната општинска установа – детска градинка "------" – ------. Видно од Записникот за вонреден инспекциски надзор број ИП1 ------ од ------ година, кој од страна на инспекторите е доставен на увид до ДКСК, инспекторите по вонредниот инспекциски надзор утврдиле дека давателите на услуги вработени на неопределено време и ангажирани за извршување на услуги со договор за ангажирање за чување и нега на деца од предучилишна возраст биле со соодветно образование и лиценци за работа, па поради тоа пријавата упатена до ДКСК била неоснована.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: М-р Ц.Р, Член на ДКСК